Убавка Гајдова
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“,
Скопје, Македонија
gajdovaubavka@yahoo.com

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

## 1. Искажување на сегашност со формите на презентот

### 1.1. Актуелна сегашност

Со основното значење на презентот – дејство што се одвива во сегашноста (настан, синхронизиран со моментот на зборување) во македонскиот јазик можат да се употребат само презентските форми од несвршените глаголи. Зависно од лексичкото значење или од контекстот актуелниот настан може да зафаќа поголем или помал дел од сферата на минатото како и од иднината: *Пијам вода; Сечам леб; Слуша музика; Веќе три дена патува; Уште живее во истата куќа во којашто се роди* и сл.

Свршените форми на презентот се несамостојни во стандардниот јазик и тие се среќаваат во комбинација со *ќе, да, ако*: *Набрзо ќе дојдам; Треба да дојде; Ако најдам, ќе купам* и сл. Ваквите комбинации (модална партикула + презент од свршени глаголи) укажуваат на исклучиво модалната употреба на перфективниот презент, за разлика од презентот на несвршените глаголи чијашто основна употреба е да искажуваат фактивни дејства. Несамостојната употреба на перфективниот презент е една од карактеристиките со коишто македонскиот глаголски систем се разликува од глаголските системи на останатите словенски јазици, како и од наследениот словенски. Оваа промена се должи на реструктурализацијата на македонскиот глаголски систем под влијание на балканските несловенски јазици. (За самостојната употреба на перфективниот презент во македонските дијалекти в. подолу.) Од друга страна, балканските јазици не ја разликуваат категоријата вид од словенски тип (лексикализирана). Може да се прават споредби со современиот грчки јазик којшто разликува свршени и несвршени форми на презентот. Разликувањето на видот во презентот е од морфолошки карактер.

Во рамките на прашањето за средствата со кои се изразува актуелно презентско значење ќе се осврнеме и на категоријата *дијатеза* којашто во балканските словенски и несловенски, како и во словенските небалкански јазици се појавува со различен степен на граматикализираност. Така, македонскиот јазик нема развиено систем од посебни глаголски форми коишто се употребуваат како опозиција на активните форми. Сепак, пасивен однос, со значење на актуелна сегашност, може да се искаже со повратните глаголи од несвршен вид: *Во Скопје се гради нов театар; Киното се обновува од непозната фирма;* во реченицата се спомнува и вршителот на дејството со предлогот *од*.

Пасивен однос може да се искаже и со комбинација на глаголот *сум + глаголска придавка* од преодни глаголи: *Тој е тепан од татко му* (Конески, 382); *Овој текст е напишан од некој друг*. Дури и кога може да се констатира пасивен однос во вакви конструкции, преовладува значењето на резултативност, сп. подолу.

**1.2. Омнитемпоралност:**

Како постојано актуелни се сметаат општо прифатените вистини искажани со презентот во поговорките, научните дефиниции, и разни правила од други сфери на животот: *Два петла не колваат на исто гумно; Сонцето изгрева на исток; Земјата се врти околу Сонцето; Тортата се пече на 200 степени*. Вакviот презент е познат како омнитемпорален презент.

**1.3. Итеративност:**

Со презентот се искажуваат и настани коишто се повторуваат во регуларен или нерегуларен период: *Тој секој ден решава задачи; Ја посетува понекогаш; Еве ја, (како и секогаш) скокнува од радост штом ќе го види*; *Легнува во 10 часот (секоја вечер); Возот за Битола тргнува во 11 часот*. Серијата од настани што се повторуваат, сфатена како целост, се смета како актуелна, важечка до моментот на зборување, додека самите итеративни настани искажани со презентот најчесто не се актуелни во моментот на говорење, но нивната актуелност не е исклучена.

*– итеративна сегашност со пасивен однос:*

*По улиците се вози многу брзо;*

*Секое зрнце се прибира, секое тревче, дрвце, луштенце* (Конески, 381)*;*

Конески посебно ја нагласува итеративната употреба на повторливите глаголи.

**1.4. Наративен презент** за сегашност или без конкретна локализација на настанот на временската оска:

Со презент се искажуваат и разни описи на ситуации, пејзажи, сцени. Овој тип презент се нарекува во литературата: наративен, драмски, сценски презент, којшто зависно од ситуацијата може но, не мора да биде актуелен, на пример, ако се работи за опис на ситуација којашто се случува во моментот на говорење, презентот е актуелен: а) *Сега Петар станува, тргнува кон вратата, се погледнува во огледалото и внимавај, пак се враќа назад*; ако станува збор за опис на сцена во драмски текст, настанот/настаните не се актуелни во моментот на зборување, што е почест случај: б) *Влегува ѝ подава шамија на Саветка а потоа ја запалува ламбата. ... Детето штом ги зема чорапчињата, рипнува и се фали* (Конески, 378). Вакvите примери ја посочуваат блискоста помеѓу овој тип на презент и итеративноста. Овој презент, во основа, е истиот презент со којшто се опишуваат, раскажуваат серија од настани во минатото. Во ваков случај вообичаено зборуваме за историски презент (в. транспозиција на презент за минатост).

### 1.5. Презент за готовност

Со значење на готовност може да се определат оние презентски глаголски форми со коишто говорителот искажува решеност (подготвеност) во моментот на зборување да изврши определено дејство. Самото дејство може да следи непосредно по изјавата или пак може да следи во определена (денес, утре, вечер) или неопределена идност:

*Веднаш заминувам, ме чекаат пријателите; Доаѓам и јас, само да го земам палтото;*

*Денес јас готвам, ти одмори се; Доста работевме, вечерва празнуваме;*

*Ти плаќам дупло, ако ја завршиш работата; Го раскинувам договорот, ако ме измамиш;*

Во следниот контекст може да се констатира презент за готовност при што одлуката и извршувањето на дејството можат да се сфатат како истовремени:

*- Ја в планина не се плашам. А овде меѓу куќи од што да се плашам. Нека ми ет напомош, ја барам работа и пари, а вие барате работник и давате пари. Така?*

*- Така. Ти си за со нас. Те земаме.*

*- Те земаме, ама бараме и работа* (Цветковски, 100).

Презентот за готовност е карактеристичен за дијалог и пред сѐ за 1 л. Второто лице најчесто се среќава во прашални искази: *Се колниш, ели ќе му платиш на чорбаџијата? - Се колнам, кади ефенди; - Али идаш, свети владико, на вечера у мене? - Идам, му рекол* (Конески, 415).

Трето лице - исклучително ретки примери, од типот: *Тој е голем патриот. Умира за татковината*; *Те убива, ако те најде овде!*

Примерите оформени во 3 л. пред сѐ се сфаќаат како итеративни: *Тој помага во неволја (добар човек е); (Тој е многу тврдоглав.) Истрпува сѐ и продолжува по свое.*

Конески (1967: 415) ја врзува категоријата готовност со транспозициската употреба на презентот за идност. При тоа укажува и на честата употреба на презентот од повторливите глаголи со значење на готовност. За вистински повторливи глаголи, во коишто вбројува редица секундарно несвршени глаголи, Конески (1967: 372) ги смета оние коишто не можат да се употребат во вистинското значење на презентот: на пр. не е вообичаено да се рече: *Што правиш? – Еве, ја изедувам тортата / Еве, дотрчувам до дома* или: *Гледај, човекон паднува во дупката* и сл.

– Илустрација на употребата на повторливите глаголи:

итеративност: *Многу пати јас паднувам во сонот од креветот; – Паднуваш*? *– Паднувам*! (Конески, 377).

можност: *Ако сум мала, ама цело село облечуам* (Конески, 415); *Со оваа манца најадуваш цел баталјон војска и уште ќе ти престани* (Конески, а77).

готовност: *Преку пенџере скокнувам, ако побараш* (Конески, 378); *Рипнувам и доаѓам* и сл.

Со овие глаголи може да се опишува ситуација како погоре, наративен презент под а), значи актуелна во моментот на говорење, но соговорникот не е во можност (целосна или делумна) да ја следи ситуацијата, на пример пренос на фудбалски натпревар (на радио, телевизија) и воопшто како историски презент (сп. подолу). Според тоа презентот од т. н. повторливи глаголи носи специфична маркација и неговата употреба може да се споредува со употребата на презентот од свршени глаголи во старословенскиот или во другите словенски јазици. Одделните употреби се одредуваат според контекстот.

**2. Транспозициски средства за изразување на сегашност**

Се работи за неколку конструкции со коишто може да се искаже сегашен резултат од некое минато дејство, значи, значењето на класичниот перфект.

**2.1. има + -н-/-т- придавка**

Како основни конструкции коишто покажуваат резултат / состојба во сегашноста во македонскиот јазик се развиени конструкциите од типот: *имам дојдено; имаш дојдено*, значи конструкции градени со *има* како помошен глагол и глаголска придавка на *-н-/-т-*: *Види, мајката, зар се има отпретано таа пуста ѓламна, та се зачурила, чури ли чури!* (Конески, 504); *Денес ја имаш исчешлано косата; Но, погледни колку убаво го има нацртано цртежот; Јас имам слегувано многу пати (еднаш) овде; Го имам гледано тој филм минатата година (пет пати).* Од примерите се гледа дека дејството може да биде еднократно или повеќекратно, самото дејство нема еднозначна референција кон моментот на зборување, туку во моментот на зборување се посочува ефектот од некое минато дејство / минати дејства. Перфектот граден со *има* како помошен глагол е развиен во македонскиот под влијание на балканските несловенски јазици, пред сè, балканскиот романски.

**2.2. сум + -н-/-т- придавка**

Впрочем, зборувајќи за глаголската придавка во македонскиот јазик, Конески (1967:434-446) го потенцира нејзиното основно значење: „Во глаголската придавка е искажан, во вид на признак што може да му биде припишан на еден предмет како моментна или трајна особеност, заправо резултатот од вршењето на глаголското дејство во некаква врска со тој предмет“. Глаголската придавка води потекло од минат пасивен партицип, којшто се образувал само од преодни глаголи. Пасивниот признак е изгубен во современиот македонски јазик, а глаголската придавка се образува и од преодни и од непреодни глаголи, и од свршени и од несвршени. Значењето на резултативност е особено истакнато кога глаголската придавка е образувана од свршени, непреодни глаголи во комбинација со глаголот *сум*: *Мене ми е многу поминато преку ѓлава; Кофата е пропадната; Ако ти е помината*

*трескатa, па ќе ти дојди; Ми се чини не е умрен; Дали си е отиден, боже, или пак се качува горе* итн. (Конески, 440). Со резултативно значење можат да се употребат и конструкциите образувани од *сум + повратни / преодни глаголи*: *Напаѓа многу снег. Патот е завеан, дури и куќите се покриени; Благодарам, вечеран сум; Тој е многу учен човек.*

**2.3. сум + л-форма**

Резултативноста се искажува и со конструкциите *сум* + *л*-форма, градени врз основите на стариот словенски перфект. Со овие конструкции може да се искажува сегашен резултат / ефект од некое минато дејство, но може да се искажува и актуелно дејство:

*Сум ти кажувал што пати, нели ти се здодеало да слушаш?* (Конески, 465); *И јас сум ја прочитала таа книга; Овој фустан сама сум го сошила;*

*Сум ти донела нешто многу интересно. Дојди да видиш!;*

*Оваа задача точно си ја решил;*

*Бргу, дај нешто за јадење зашто многу сум изгладнел*;

*Доста плачеш! Очиве ти потекле од плачење; Нешто си се замислил; Погледни го само! Се стуткало в ќош и спие.*

*Човек си се расположил, си легнал да спие, а вие сте се растропале (тропате), божем!* (Конески, 469);

– *Резултативна сегашност со пасивна дијатеза:*

*се + л-перфект:*

*Земјата се накиснала од дождот; Дрвото се навалило од ветрот; Се изморил од трчањето;*

– Неодобрување од страна на говорителот: *Јас сум бил мал! Не сум мал!; Тој играл кошарка! Не знае ни да оди!*

– Изненадување: *Колку си се изменил!* (Конески, 472)*; Што убаво пееле девојчињава!* (Конески, 473);

– Прекажани за сегашност:

*Тој вели, учел сега, подоцна ќе дојде; Тебе ќе те слуша агата оти ти биле мали снопјето* (Конески, 480);

– Омнитемпоралност:

*Ама врнело, ама грмело, попот треба да го испрати до дупка; Ако му се родило некому - попот треба да му мисли за крштевање;*

*Се мажила мома да не седи дома; Се истркалало поклопчето, си го нашло грнчето; Ни лук јал, ни лук мирисал; Будала дал, итар јал;* (Конески, 474);

*прекажани*:

*На коњ да јаваш на сон, покажувало добив; Навечер не чинело да јаваш на коњ, чунки си му го земал сонот* (Конески, 480);

– Итеративност:

*Не гледате ли, бре слепци слепи? Ако си оде авлециата - дошол спаиата; си отишол спаиата - се довлекол беглециата; си отишол беглециата - ене го некој расте - чауш, башчауш, онбашиа, мулазим, јусбашиа, бимбашиа, се знае ли кој* (Конески, 473);

**2. 4. Аорист:**

Меѓу транспозициските средства за изразување на сегашност се вбројува и аористот. Во основа се работи за искажување на резултат којшто е евидентен во моментот на зборување, а којшто се должи на настан вршен или извршен пред моментот на зборување:

*Дојдов дури до овде само за да ти го кажам ова.* (тука сум / дојден сум)

*Еј, ти летна капата!* = Ти лета капата (ветерот ти ја оддува).

*Ме ранија!* = Ранет сум!

*Не можам повеќе, се преморив* = Преморена сум.

*Е, сега се налутив / Е, сега ме налути* = Сега сум лут.

*Се здрвив* (= здрвен сум) *од седење; Се наведнав и не можам да се исправам; Многу се расприкажа* (= си расприкажан); *Се замисли нешто, што ти е? А, ти веќе се врати. Мило ми што си тука; Се наоблачи; Се стемни* итн.

Како што покажуваат примерите посебно е широка употребата на аористот од повратните глаголи за искажување на презентска резултативност.

*Не можам повеќе, умрев за јадење* = Умирам за јадење / ќе умрам за јадење.

*Чао, си отидов!* = Чао, си одам (си заминувам).

Во последните примери не се работи за резултат од претходно извршено дејство туку за предвиден резултат од посоченото дејство. Би можело да се рече дека дејството е во тек или одлуката за него е донесена (како презент за готовност) па резултатот се доживува, се претставува како остварен, неминовен.

За ваквите случаи Лант (2003:141) вели: „Sometimes the aorist occurs in a context which shows that the action could not really have taken place or be past: the speaker, however, chooses to dramatize the event, so to speak, by presenting it as already accomplished and therefore belonging to the past.

| | |
|---|---|
| Дај вода, пукнав од горештина. | Give (me) water, I've died of heat. |
| Тргнав. | I've gone. |

(Said when on the point of departure)“.

Забележително е дека Лант во англискиот превод употребува презент перфект.

**2.4. Имперфект**: – дистанца – учтивост, молба, несеќавање, потсетување

*Како се викаше ти, малечок? = Како се викаш, ти малечок; Колку требаше да платам? Колку беше сметката?* (знаев, но заборавив / односно знам, но се однесувам како да не знам);

*Почекај малку, сакав да ти кажам нешто; = Сакам да ти кажам / Би сакал да ти кажам; Мислев денес да одам = Мислам/сакам денес да одам;*

Можат да се чујат и следните примери: *Ми требаше Борис, Ве молам!* со значење: *Ми треба Борис, Ве молам*! Во ваков случај се употребуваат и *ќе-конструкции*: *Ќе ми треба / Ќе ми требаше Борис, Ве молам!*. Изразот: *Ми требаше Борис, Ве молам!* може да се употреби особено ако веќе еднаш сме го барале Борис и не сме го нашле, а потоа повторно бираме. Во овој контекст ќе го наведам и примерот: *Ми треба(ше) нешто да го прашам, ама ако не е денес тука ќе му се јавам утре.* (Ќе го прашував нешто, ама ...)

**2.5. Императив**:

Со императивот може да се искаже дејство што „се претставува како работа што говорителот не го засега“ (Конески, 417) во моментот на говорење.

*Чекај си, ако немаш друга работа* = Можеш да си чекаш, што се однесува до мене.

*– дејства што се повторуваат:*

Со ваква употреба императивот почесто се среќава за дејства што се повторувале во минатото, но се среќава и за искажување на итеративно-хабитуални дејства коишто временски допираат до моментот на зборување:

*И тие што прават - еднаш појди в село, другаш дојди овде* (Конески, 418).

*– искажување на повторливост со глаголот* ***чини****:*

*(Тој) чини: дојди, најади се, наполни ја торбата леб и пак кинисај в овци.*

Со *чини* во презент се укажува дека последователноста на дејствата не е завршена, ами и натака може да се очекува нејзиното продолжување. Употребата на императивот за итеративно-хабитуални дејства „води свое потекло од таквата употреба на сегашно време од свршени глаголи, што во нашиот јазик денеска веќе ја немаме, освен во некои дијалекти, но што ја чуваат другите јужнословенски јазици. Сп.: српскохрватски: *Он обично, дође, једе, напуни торбу хлебом, па се опет врати код оваца*“ (Конески 419-420).

**2.6. Потенцијал** кој темпорално може да се определи во зоната на сегашноста**:**

– за искажување на молба, учтивост, дистанциран однос (со глаголите: *моли, сака, може, мора, треба, знае*)

*Би те молел да ми ја донесеш книгата* = Те молам, донеси ми ја книгата

*Би сакал да дојдам со вас / Би можел да дојдам со вас* = Сакам / Можам да дојдам со вас.

*Би требало веднаш да станеш* = Треба веднаш да станеш

*И јас би знаел да го направам тоа* = И јас знам да го направам тоа.

**2.7. Кондиционал**

Со формите на кондиционалот praesentis може да се искажуваат итеративни и омнитемпорални настани, сп. (Конески 489-491):

*Ќе му текне – излези, ќе помине саат два, еете ти го пак;*

*Почна да бега од лугето, а дома за ништо тукy ќе ѝ привикне на жената или ќе истепа некое од децата;*

*Ни ветарче. Само ноќе ќе зашушулеат јасиките и пченките, ќе се поveат преостанатите снопје а утрото – пак тивко, глуво, бесшумно.*

Употребата на кондиционалот од типот *ќе + презент* за искажување на повторливи настани во македонскиот јазик се толкува како резултат на блокираната самостојна употреба на презентот од перфективни глаголи.

Кондиционалот praesentis, во овој контекст, се употребува најчесто кога се искажува низа од настани или најмалку два настана што се повторуваат по определен редослед. Поврзаноста во време овозможува парот итеративни настани да се искажат и со зависносложени реченици кои упатуваат на ваква врска, значи, пред сè со темпорални. Ако поврзаноста меѓу настаните расте до степен на меѓусебна условеност, парот итеративни настани се искажува и со различните модели на реален условен период, сп.

*Кога ќе удри камбаната, сите се збираат в црква;*

*Штом ќе те види, веднаш ти се залепува;*

*Ќе има ли некаде крштевање – викнете ја тетка Марија! Ќе има ли умирачка – пак тетка Марија е тука!;*

*Да зине, ќе те излаже!*

Во слични услови кондиционалот praesentis се употребува и кога се искажуваат омнитемпорални настани, сп.

*Кој лошо прави, лошо ќе најде!*

*Чевли да обуеш на сон, ќе се жениш!*

**3. Транспозиција на презент за други отсечки на временската оска**

**3.1. Историски презент** - за искажување на минати настани:

*Станаа од балконот и слеваат по скали. Колобан го наметнал палтото на едното рамо - слегува напред, па по него мудурот, даскалот и*

*другите; Го стегнав (писмото) в пазува, стегам, рацете ме заболеа* (Конески, 414);
со повторливи глаголи:

*Зема Господ два камења, ги фрла по в'лкот, ги благословуе, се сторујат две кучиња ... го збркујат в'лкот, и го отмујат овеногт* (Конески, 377-378).

**3.1. Презент за искажување на идни настани:**

*Вие одите на далечен пат (наскоро); Туку, заборавив да ти кажам стрико Танасе. Јас вечерва се стегам за пат* (Конески, 414)*; Роденденот го славиме в недела;*

**3.2. Презент за искажување на заповед:**

*– императив:*

*Нема повеќе играње. Седнуваш и ја пишуваш домашната работа* (Седни и пишувај!)

*Или се делиш од брата ти, или бaрај си чаре на децата* (Дели се или барај си чаре!)

*– хортатив:*

*Доста беше одмор. Сега стануваме и работиме!* (Да станеме и да работиме)

**4. Употреба на презентот од перфективни глаголи во македонските дијалекти:**

Самостојно употребен, презентот од перфективни глаголи се среќава во дел од македонското југоисточно наречје, на јужната периферија и во источните македонски говори, во соседство со бугарската јазична територија.

**4.1. Омнитемпоралност**:

*За ин'а тайс"а баклав'а (три пръста ин'а ук'а шик"ер .... с"етнạ ја сп"екув̦ами, и с"етнạ ја зв'аждами т"енцир̦ата ...* (Малецки, 8);

**4.2. Итеративност:**

*Фл'езе, гр'абне адна пăрч'а с'ирне и изб'еге; - д'ојде, з'ачисте нă-две нă-три и сј-'оде; изм'ăлзе 'офцте, з'еме в'едăрто и ус-ạрг'атто вăрве; - в'а кук'ошка с'екуј ден пу-адн'о ј'ајце сн'есе* (Пеев, 235); *ем'ен д'ојде и ф'ате да-в'ике; исп'адне на в'онка и се зăбр'аве* (Пеев, 269);

**4.3. Историски презент:**

*И-тăк'а, нăпăлнувăт т'иă три д'ена и-чув'еко ст'ане ... Ут-т'амка, ф'аке т'о· ин гă-иск'аре 'иглăта и-м'омăта ужив'ела; И т'о· в'ечăрта д'ојде, ка сă-ст'емне, сă-к'аче нă т'о· д'ăрвуто и т'ука с'еде* (Пеев, 1979: 164, 167); ... *з"ева*

*др'уги пар'и, пак ут'ива на нузи кш'ендух,ију у Сул'ун. Пак сă ф'атат да игр'ајат кум'ар* (Малецки, 9);

**4.4. Идност**:

*Да п'ојми на гурб'ет, б'елки најдими р'абута за да р'абут,ими* (Малецки, 47);

*Ее-е, л'есно-ј к'уме, н'ого л'есно сă-л'оват. Ќ-'одиш на г'ол'о, т'амка на-в'оота, з'еми ќ'упо, в'ăрзи-го зă-т'ебе, п'ушти-го у-в'оота, сă-нăп'ăлне р'иби* (Пеев, 303)

Во аподоза на реален условен период, место *ќе + презент*:

*Ако мă-ут'епăт м'ене и т'еп-тă ут'епăт Гăрците* (Пеев, 221);

**4.5. Императив**:

*Изв'адиш ајмалиата ут рăката, кл'ајш а врăз главата и чини си молитвата* (Верковиќ, 268).

Независната употреба на перфективниот презент во македонските дијалекти соодветствува на слободната употреба на овој вид презент во другите словенски јазици.